# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

## ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

# ПРОГРАМА

**за работа на Државниот управен инспекторат
за 2009 година**

**Скопје, Декември 2008 година**

# В О В Е Д

Согласно член 17 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на РМ” бр. 58/2000 и 44/2002), Државниот управен инспекторат е орган во состав на Министерството за правда, кој според Законот за управната инспекција (“Службен весник на РМ” бр. 69/2004;22/07;115,07) и Правилникот за начинот на вршење на инспекциски надзор на управната инспекција (“Службен весник на РМ” бр.114/08), врши надзор над примената на одредбите од Законот за општата управна постапка и другите закони и прописи што содржат одредби за управната постапка, како и надзор над извршувањето на прописите за канцелариското работење.

При утврдувањето на содржината на Програмата за работа за 2009 година, се појде од надлежноста и организацијата на управната инспекција утврдени со закон.

Во Предлог програмата, задачите и активностите што ќе ги извршува Инспекторатот во 2009 година се систематизирани по области и тоа:

- инспекциски надзор;
- аналитичко-информативна дејност;
- соработка со други државни органи;
- обуки и работни состаноци со вработените;
- следење на состјбите во областа;
- нормативна дејност и
- обуки за примена на Законот за општата управна постапка.

## 1) ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Инспекцискиот надзор се врши како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор

*Редовни инспекциски надзори* се вршат над примената на одредбите од Законот за општата управна постапка и другите закони и прописи што содржат одредби за управната постапка, а кои се однесуваат особено на:

- навременото,економичното и ефикасното остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи

- постапувањето во пропишаните рокови во првостепената и второстепената управна постапка, како и во роковите определени со актите на судските органи;

- навременото вклучување на заинтересираните странки во управната постапка заради заштита на нивните права и интереси;

- обезбедувањето на доказите по службена должност што ја води органот надлежен за решавање, друг ораган на државната управа, правни и други лица кои имаат јавни овластувања, општините,Градот Скопје и општините во Градот Скопје;

-извршувањето на правосилните управни акти;

-наплатата на трошоците во управната постапка;

-примање на поднесоците;

-издавањето на уверенија и други јавни исправи за одредени факти од службената евивденција

- стручната подготовка на државните службеници и вработените кои преземаат дејствија во управната постапка;

-доставувањето на управните актии другите писмена;

-начинот на однесувањето и работењето на државните службеници и вработените;

-употребата на јазиците на странките во управната постапка и

-надзор над извршувањето на прописите за канцелариското работење .

*Контролни инспекциски надзори* ќе се вршат заради остварување увид во извршувањето на решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор и надзор по поднесените предлози и иницијативи од правни и физички лица .

**Рок: 01 .01.2009 - 31.12.2009 година**

*Инспекциски надзори по поднесени иницијативи* се вршат кога граѓаните и другите учесници во постапката ќе согледаат одредени неправилности во работењето на органите на државната управа, другите државни органи,установи и институции, правни и други лица на кои со закон им е доверено давршат јавни овластувања ,поднесат иницијативи и предлози до Управната инспекција за вршење на инспекциски надзор како, и по овластување на министерот за правда и директорот на инспекторатот.

**Рок: 01.01.2009 -31.12.2009 година**

Во текот на 2009 година, Државниот управен инспекторат ќе врши инспекциски надзор во следните органи на државната управа и тоа:

1. Фонд за здравствено осигурување на Македонија со подрачните служби во Републиката -редовен инспекциски надзор;
2. Центар за управување со кризи со подрачни одделенија- редовен инспекциски надзор;
3. Јавно обвинителство на Македонија, Вишите и Основните обвинителства-редовен инспекциски надзор согласно Правилникот за управно и канцелариско работење на обвинителството- по овластување од Министерот;
4. Агенција за вработување на Македонија со Центрите за вработување-контролен инспекциски надзор;
5. Државно правобранителство на Република Македонија со подрачни одделенија-редовен инспекциски надзор;
6. Администрирање на локални даноци и такси-контролен инспекциски надзор во општините;
7. Министерствата со подрачните единици -редовен инспекциски надзор;

8. Судови -надзор за примената на одредбите од Судскиот деловник-по овластување од Министерот за правда;

9. Судови -надзор во поглед на наплатата на судски такси-по овластување од Министерот за правда;

10. Управа за имотно правни односи со одделенијата за управна постапка - редовен инспекциски надзор;

11. Државни и локални инспекторати и други инспекциски служби -редовен инспекциски надзор;

12. Дирекција за заштита и спасување со подрачни одделенија -контролен инспекциски надзор;

13. Комисии за решавање во управна постапка во втор степен на Владата на Република Македонија-контролен инспекциски надзор;

14. Основни и средни училишта во Републиката- контролен инспекциски надзор и

15. Министерства - редовен инспкциски надзор во одделенијата за второстепена управна постапка.

## 2) ОБУКИ

Државниот управен инспекторат во 2009 година ќе одржи обуки на државните службеници за примената на одредбите од Законот за општата управна постапка и тоа:

**а) Обуки за вработените на Државниот управен инспекторат.**

**б) Обуки на државните службеници во органите кои го применуваат Законот за општата управна постапка** *

---

*Државниот управен инспекторат ќе предложи до Владата на Република Македонија Годишна програма за обука на државните службеници кои работат во првостепените органи и второстепените комисии. Годишната програма за обуки ќе биде составен дел на Програмата за работа на Државниот управен . инспекторат за 2009 година.

## 3) АНАЛИТИЧКО-ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

Државниот управен инспекторат врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2008 година ќе изготви:

1. Извештај за работата на Државниот управен инспекторат за 2008 година.

**Рок: 31 Јануари 2009 година**

2. Програма за работа на Државниот управен инспекторат за 2010година.

**Рок: Јануари 2010 година**

3. Информации до Влада на Република Македонија за работењето на органите на државната управа врз основа на извршениот редовен, односно контролен инспекциски надзор.

**Рок: 01.01.2009 -31.12.09. 2009 година**

## 4) СОРАБОТКА НА ИНСПЕКТОРАТОТ СО ДРУГИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И ОДРЖУВАЊЕ НА РАБОТНИ СОСТАНОЦИ

Инспекторатот во рамките на своите овластувања,надлежности и овластувања утврдени со закон континуирано ќе соработува со сите органи на државната управа, другите државните органи, правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања кога во рамките на надлежностите утврдени со закон решаваат за правата и правните интереси на странките во управната постапка.

Ваквата соработка, Инспекторатот ќе ја остварува и со Државните инспекторати и другите облици на инспекциски служби на централно и локално ниво, кои се надлежни за вршење на инспекциски надзор. Во рамките на ваквата соработка, по потреба ќе се организираат активности за заедничко делување - преку координирани инспекциски надзори и отстранување на негативните состојби и слабости во работењето на органите, се со цел за доследна примена на одредбите од Законот за општата управна постапка и другите материјалните закони од соодветната област.

**Рок: по потреба во текот на годината**

За реализација на годишната програма,годишниот извештај и месечните оперативни планови,Инспекторатот во 2009 година ќе се одржи два редовни состаноци со сите вработени на кои ќе биде разгледани и стручни прашања од тековното работење и прашања од интерес на вработените.

**Рок: Март и Септември 2009 година**

## 5) АНАЛИЗИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ ОД СВОЈА НАДЛЕЖНОСТ, А ОСОСБЕНО ЗАКОН ЗА ОПШТА УПРАВНА ПОСТАПКА, ЗАКОН ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ И ЗАКОН ЗА УПРАВНА ИНСПЕКЦИЈА

Државниот управен инспекторат во текот на годината континуирано ќе ги следи состојбите во областа, а особено состојбите во поглед на примената на законите и другите прописи со кои се обезбедува законитост, ажурност, ефикасност и економичност во работењето на органите на државната управа, другите државни органи, установи и институции во кои врши надзор согласно Законот за управната инспекција и аналогно на тоа ќе презема соодветни мерки и активности за отстранувањето на недостатоците во работењето на истите.

Во рамките на следењето на состојбите во областа и компаративното проучување на законите и другите прописите од управната област во земјите од ЕУ, во поглед на улогата и надлежноста на управната инспекција или слични вакви институции кои се ставени во функција на заштитата на правата и интересите на граѓаните, ќе се извршат следниве активности:

1. Анализа за досегашната имплементација на Законот за управни спорови и

**РОК: Март 2009 година**

2. Анализа за досегашното остварување на функцијата *надзор на инспекциските служби во Република Македонија.*

**РОК: Декември 2009 година**

## 5). НОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

Државниот управен инспекторат во текот на 2009 година ќе учествува во работната група формирана од страна на министерот за правда за изготвување на:

1.**Закон за измена и дополнување на Законот за управните спорови**

Со Законот за управните спорови се обезбедува судска заштита на законитоста на управните акти донесени од органите на државната управа во првостепена и второстепена управна постапка, со што се обезбедува и заштита на правата и правните интереси на странките во управната постапка, така што ќе се предложи измена и дополнување, согласно резултатите од Анализата на досегашната имплементација на Законот за управни спорови.

2.**Закон за вршење на инспекциски надзор**

Со Законот за вршење на инспекциски надзор се предлага да се постигне поголема ажурност, ефикасност и транспарентност во работењето на инспекциските органи во Република Македонија, така што ќе се предложи уредување единствена постапка при вршењето на инспекциските надзори на органите на државната управа кои со закон се овластени за тоа.

**Рок: Декември 2009година**

Исто така, Инспекторатот во нормативниот дел ќе дава мислења и иницијативи за оцена на Уставноста и законитоста, како и предлози по закони и други прописи што ги изготвуваат и се во надлежност на други државни органи, а кои содржат одредби за инспекцискиот надзор.

**ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

**ДИРЕКТОР**
**Димитар Ѓеорѓиевски**